ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "МаршалТито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770
eb: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Арх бр. 04-1907/10

Од 13.11.2026 година

Врз основа на 45 став (1) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ " бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24). Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево ја донесе следната:

О Д Л У К А

За избор на кандидат за вработување

1. По јавниот оглас број 649/2026 за вработување на административни службеници во општина Чешиново-Облешево, за работно место под реден број 1 со шифра УПР 01 01 В01 000 и назив на работно место Советник одговорен сметководител, Одделение за финансиски прашања 1 (еден) извршител од предложената ранг листа СЕ ИЗБИРА кандидатот:
   - **Емилија Анастасова** со идентификациски код **6D01CE1**
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време за горенаведеното работно место по конечност на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со донесувањето.

Образложение

На ден 16.09.2026 година во дневните весници " Нова Македонија", "Вечер" , "Коха" и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас бр.649/2026 за вработување на административен службеник на работно место под реден: број 1 со шифра УПР 01 01 В01 000 и назив на работно место Советник одговорен сметководител, Одделение за финансиски прашања 1 (еден) извршител Во врска со јавниот оглас и објавеното работно место формирана е Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение бр.10-1982/5 од 18.09.2026 година, донесено од страна на директорот на Агенцијата за администрација. На ден 05.10.2026 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.649/2026 спроведе административна селекција за што се состави Записник бр.10-1982/6 од 05.10.2026 година.

На ден 30.10.2026 година во просториите на Агенцијата за администрација Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе испит за административен службеник со Записник бр.10-1982/8 од 30.10.2026 година;

На ден 03.11.2026 година исто така во просторииe на Агенцијата за администрација се спроведе постапка за проверка на веродостојоста на докази и интервју за огласот бр.649/2026 за што е составен Записник од спроведена проверка на веродостојоста на докази и интервју за административен службеник бр.10-1982/9 од 03.11.2026 година.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "МаршалТито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770
Web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Од предложената ранг листа и предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 649/2026 бр.10-1982/10 од 04.11.2026 година, заведен под број 04-1907/8 од 10.11.2026 година. Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево го избра кандидатот наведен во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Градоначалник на
Општина Чешиново-Облешево
Јорданче Костадинов

Доставено:
Архива
Агенција за администрација
Одделение за човечки ресурси
Кандидатот

Изработил:
Анета Зашов